**Известување за концентрација со која МКГ ПРОПЕРТИЕС ЛТД, Лимассол, Кипар, и ТЕРРАМОНА ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД, Никозија, Кипар, ќе стекнат контрола врз БАТТИНГ ЛИМИТЕД, Лимассол, Кипар**

**(предмет бр. 08-141/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 30.09.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која МКГ ПРОПЕРТИЕС ЛТД (MKG PROPERTIES LTD) со регистрирано седиште на 3, Криноу Стрит, Д ОВАЛ, Офис 502 Агиос Атханасиос, СИ-4103 Лимассол, Кипар, и ТЕРРАМОНА ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД (TERRAMONA HOLDINGS LIMITED) со регистрирано седиште на Андреа Влами 6, Строволос 2008, Никозија, Кипар ќе стекнат заедничка контрола врз БАТТИНГ ЛИМИТЕД (BATTING LIMITED), со регистрирано седиште на Грива Дигени 115, Тридент Центре, 3101 Лимассол, Кипар.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

МКГ ПРОПЕРТИЕС ЛТД е дел од МК групата и претставува холдинг друштво кое управува со дивизијата на МК групата која е активна во туристичкиот сектор, односно во областите на хотелиерство во Србија, Хрватска, Црна Гора и Словенија.

МК групата е присутна во Северна Македонија преку зависно друштво МК Сунтастик ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса булевар Партизански одреди 155/1, Скопје, регистарски бр. 7838034.

ТЕРРАМОНА ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД е кипарско друштво основано во јули 2024 година и до денес не вршело никаква деловна активност. Друштвото е основано првенствено со цел вложување капитал во друштва чиј главна деловна активност е изградба, развој и купување на недвижности во Србија и останатите земји во регионот.

ТЕРРАМОНА ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД не остварува приходи во Северна Македонија и нема никакво присуство преку зависни друштва, подружници или претставништва.

БАТТИНГ ЛИМИТЕД е холдинг друштво чија сопственост се состои од 100% удел во друштвото Институт за изградба доо Белград, матичен број 21435732.

БАТТИНГ ЛИМИТЕД не остварува приходи во Северна Македонија и нема никакво присуство преку зависни друштва, подружници или претставништва.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар за управување со недвижности.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување***.**

02.10.2025 година

Скопје